## КАКО ДА АПЛИЦИРАТЕ ЗА МЕНТОРСТВО?

### КАТЕГОРИИ НА КАНДИДАТИ

**Микро, мали и средни претпријатија (ММСП) кои ги исполнуваат следните услови:**

- Регистрирани се на територијата на РСМ со претежно домашен капитал;
- Ги имаат подмирено сите даноци и давачки;
- Не вршат економска дејност во рамките на воената индустрија и не се занимаваат со организирање игри на среќа/лотарија.

**Заинтересираните кандидати можат да поднесат апликации во две категории:**

1. Новоформирани компании, не постари од 3 години од денот на објавување на Јавниот повик.
2. Постоечки компании – постари од 3 години.





## АПЛИКАЦИЈА ВО ТРИ ЧЕКОРИ:

1. ПРЕЗЕМЕТЕ И ПОПОЛНЕТЕ ЈА АПЛИКАЦИОНАТА ФОРМА
2. ПОДГОТВЕТЕ ЈА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА
3. ДОСТАВЕТЕ ЈА ФОРМАТА И ДОКУМЕНТАЦИЈАТА ЛИЧНО ИЛИ ПО ПОШТА на адресата на еден од официјалните Регионални центри.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Информациите, документот од Јавниот повик, упатствата и останатите придружни обрасци се достапни на нашата официјална веб-страница.
За дополнителни информации и појаснувања, ве молиме контактирајте нè директно.
Нови информации и тековни известувања се достапни на нашите официјални профили на социјалните мрежи:
Facebook: https://www.facebook.com/p/ИНОВА-INOVA-61580037338695/
Instagram: https://www.instagram.com/inova.gov.mk/

Стандардизирани менторски услуги за микро, мали и средни претпријатија во Северна Македонија

# РАЗВИЈТЕ ГО ВАШИОТ БИЗНИС СО МЕНТОРИ!



## ШТО Е МЕНТОРСТВО?

▷ Менторството е **бесплатна услуга** достапна за користење од микро, мали и средни претпријатија (ММСП).

▷ Корисниците добиваат сеопфатна поддршка со **прилагоден пристап.**

▷ Менторскиот процес се спроведува во согласност со Методологијата развиена заедно со Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA).

▷ Менторството им помага на сопствениците или директорите на ММСП да ги препознаат клучните аспекти на нивното работење.

▷ Со помош на менторството, корисникот изработува и спроведува акционен план насочен кон подобрување на деловните резултати.

## КОИ СЕ МЕНТОРИТЕ?

▷ Менторите доаѓаат од релевантните Регионални центри за развој на ММСП како дел од институционалната мрежа за поддршка на претприемништвото и ММСП, овластени од Агенцијата за иновации, научно-технолошки развој и претприемништво во соработка со Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA).

▷ Менторите имаат професионално искуство во работа со мали и средни претпријатија.

▷ Практично и теоретски, менторите се обучени да обезбедуваат менторски услуги, со поддршка на алатки и знаења од експерти од Јапонија.

▷Вештините на менторите постојано се унапредуваат преку стручни обуки спроведени од јапонски консултанти ангажирани од JICA.



## КОИ УСЛУГИ ГИ ОБЕЗБЕДУВА МЕНТОРСТВОТО?

▷ Дијагностика на состојбата со цел разбирање на тековната ситуација во претпријатието;

▷ Помош при подготовка на развојни активности, планови или проекти за постигнување на деловните цели;

▷ Советување и координација за пристап до финансиски средства, нови технологии и консултантски услуги за поттикнување на развојот и унапредување на работењето;

▷ Помош при подготовка на кредитни апликации и програми за поддршка наменети за ММСП;

▷ Помош при спроведување на развојни активности/планови/проекти;

▷ Помош при пронаоѓање деловни партнери;;

▷ Помош при пронаоѓање на потребни информации;

▷ Обуки;

▷ Упатување кон соодветни специјализирани консултанти;



## КОИ СЕ РЕЗУЛТАТИТЕ ОД МЕНТОРСТВОТО?

Првичните резултати од спроведените стандардизирани менторски услуги во 2018 година се исклучително позитивни, што ни дава поттик да продолжиме со уште поголем интензитет во обезбедувањето на овие услуги за ММСП во претстојниот период.

